ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-3018/2
02.06.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-3018/1 од 28.05.2025 година, поднесено од [redacted] о донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-3018/1 од 28.05.2025 година, поднесено о [redacted] о кое се бара информација од јавен карактер:

1.Дали вашата општина досега има примено жолти и сини канти и контејнери од 120 литри и од 1100 литри од Министерството за животна средина и просторно планирање за примарна селекција на отпад од пакување?

2.Доколку има примено, наведете го поединечниот број на добиени канти и контејнери и тоа: сина канта од 120 литри, жолта канта од 120 литри, син контејнер од 1100 литри, жолт контејнер од 1100 литри.

3.Дали вашата општина има склучено договор со колективен постапувач за управување со отпад од пакување?

4.Доколку имате склучено договор, доставете ни ги информациите за тоа кога е склучен секој поединечен договор, со кого и до кога трае?

5.ДФали во вашата општина постои функционално селектирање и управување со посебните текови на отпад кои се дел од системот на проширена одговорност на производителот?

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

## Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

1. Министерството за животна средина и просторно планирање има доделено садови за отпад (контејнери од 1100 литри и канти од 120 литри) на Општина Велес .
2. Доделени се вкупно 59 пластични контејнери ( 29 плави и 30 жотли) со капак и 1212 пластични канти од кои 606 жолти канти и 606 плави канти
3. Општина Велес има склучено договор со ЈКП Дервен
4. Општина Велес и ЈКП Дервен имаат склучено меѓусебен Договор за соработка и постапување со отпад од пакување со колективниот постапувач Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување ПАКОМАК ДОО Скопје од 21.03.2022 година и истиот е со рок на важност до 31.12.2025 година.
   Општина Велес исто така ги има склучено и следниве договори со ПАКОМАД ДОО Скопје:
   - Договор за соработка со ПАКОМАК ДОО Скопје и за Smart систем за управување со отпад од пакување преку вендинг машини (моментално се поставени 2 вендинг машини во Велес ) на неопределно време.
   - Договор за користење на садови за собирање на отпад од пакување од 03.05.2022 година за користење на садови за отпад (5 жолти метални контејнери од 1,5 м3 со бетонски фундамент за собирање на ПЕТ амбалажа и лименки, 5 плави метални контејнери од 1,5 м3 со бетонски фундамент за собирање на хартија и 5 зелени пластични контејнери од 2 м3 за собирање на стакло на времено користење од 1 година со автоматско продолжување доколку едната страна не побара раскинување на договорот.
5. Покрај отпадот од пакување Општина Велес има склучено
   - Договор за соработка за постапување со отпадни батерии и акумулатори со колективен постапувач НУЛА ОТПАД ДОО Скопје од 05.06.2023 година , склучен на неопределно време и
   - Договор за соработка за постапување со отпадна електрична електронска опрема со колективен постапувач НУЛА ОТПАД ДОО Скопје од 05.06.2023 година , исто така склучен на неопределно време.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*